# Активности на О2 Иницијатива во 2022 година

- Издавање на сет „Водич низ природата“ составен од три книги во кои има упатства за заштита на природната средина и животот во барите и езерата, шумите и низ градското зеленило

Еколошкото образование е неопходен процес со цел да се постигне еколошка писменост која ќе води до развој на еколошка свест кај новите генерации. Со цел да се помогне и подобри еколошкото образование и природонауката, О2 Иницијативата реши да го создаде и објави сетот Водичи низ природата – триплет на водичи преку кои учениците од одделенска настава ќе се запознаат со животот во шумата, барите и езерата и низ градското зеленило. Сетот на водичи е во издание на издавачката куќа Чудна шума, под авторство на Кирил Арсовски – Пржо, а илустрациите се на Хари Дудески.
Наменет е за деца на возраст од 8 – 10 години и преку нив, а под водство на нивните наставници и родители, децата ќе можат да се запознаат со животните и растенијата што живеат во овие средини и да откријат нови и интересни нешта за нив.

Водичите претставуваат некомерцијално издание кое имаше промоција и се дистрибуираше на почетокот на 2023 година низ основните училишта низ државата во соработка со нашите партнери Пријатели на образованието.

- Учество во проектот CleanBREATH на Магдебург-Стендал Универзитетот, Германија и УКИМ-ФИНКИ

Проектот CleanBREATHE (Мешано истражување за загадувањето на воздухот со помош на технички и едукативни решенија) има за цел да го направи загадениот воздух видлив и да иницира долгорочни промени во однесувањето на општествените чинители.
Проектот се одвива помеѓу Магдебург-Стендал Универзитетот, Германија и УКИМ-ФИНКИ, Македонија, каде се вклучени креаторите на платформите за визуелизација на аерозагадувањето, Pulse.Eco1 и AirCare2 и О2 Иницијатива, здружение кое се залага за зголемена свест за аерозагадувањето и неговото намалување преку системски пристап.
Целите на CleanBREATHE за намалување на загадувањето на воздухот се:
1) Создавање граѓанска свест и одржливо прилагодување на однесувањето во две земји (Македонија и Германија) како модел за цела Европа, преку пристап на науката за критички дизајн.
2) Дизајнирање и планирање на сензорски мрежи, нови пристапи за сензори за мобилни уреди и алгоритми за предвидување на вештачката интелигенција.
3) Развивање на нови деловни модели кои имаат за цел да помогнат на бизнисите со однесување свесно за животната средина.

- Продолжување на работа на Законот за инспекциски надзор во животната средина, како дел од работната група на Граѓанскиот инспекциски совет (ГИС), формирана во рамките на Алијансата за застапување и лобирање „Разбистри сè“ на Институтот за комуникациски студии, заради граѓанска контрола на инспекцискиот надзор на животната средина

Во овој период се работеше на изработка на предлог-амандмани со кои се обезбеди конзистентно решение за координација на државните и локалните инспектори, функционален надзор од Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) врз локалните инспектори, посуштински процес на планирање на инспекциските надзори, достапност на инспектори после работно време и за време на викенди, опремување на

инспекторите и зајакнување на транспарентноста. Амандманите беа прифатени и поднесени од пратениците членови на зелената парламентарна група. Паралелно вршевме и пропратната јавна кампања за усвојување на амандманите.

- Учество во јавната дискусија за изработка на Рамка за развој #МКД2030 за животна средина, во организација на Институтот за комуникациски студии

Рамката за развој #МКД2030 е документ кој треба да ги утврди целите и приоритетите кои треба да бидат постигнати, меѓу другите области, во животната средина до 2030 година. Целта на дискусијата е преку консултации со организациите, професорите и експертите членови на Алијансата „Разбистри сè" да се утврди фокусот на развојот во животната средина во следната деценија. На настанот присуствуваше Претседателот Пендаровски, кој го води процесот на креирањето на Рамката за развој #МКД2030.

- Учество и модерирање на јавна дебата „Како да се намали загадувањето на воздухот?" на Граѓанскиот инспекциски совет, формиран во рамките на Алијансата за застапување и лобирање „Разбистри сè" на Институтот за комуникациски студии.

Во дебатата учествуваа независни советници од општините Карпош, Центар, град Скопје, Тетово, Струмица и Битола, државната секретарка во Министерство за животна средина, раководителот на Инспекторатот на Град Скопје, претставници од општините со изразено аерозагадување Куманово, Гостивар, Струмица, Тетово и Кавадарци, градоначалничката на град Скопје. Целта на дебатата беше заеднички и транспарентно да се разгледаат мерките што се преземаат или не се преземаат, проблемите кои ја попречуваат примената на мерките, инспекциите за животна средина и нивната екипираност со стручни кадри, техничка опрема и средства за вршење на инспекциски надзор на државно и локално ниво, како и законите и подзаконските акти кои не се донесени или се несоодветни. На дебата беа присутни над 70 претставници на државни и локални институции, граѓански активисти од ГИС и Алијансата „Разбистри сè", медиуми, како и заинтересирани граѓани.
Како заклучоци по повеќечасовна дискусија се донесоа редица мерки и чекори што се бараат од различни адреси: локалната самоуправа, Државниот инспекторат за животна средина и инспекторите на локално ниво, Министерство за животна средина и Владата.

- Активно учество во седниците на Градскиот Еко Совет - Зелен Совет на Град Скопје како нејзин член.

- Континуирана кампања за одвојување на повеќе средства за заштита на животната средина од буџетите на државата, градот Скопје и општините

Анализа на предлог-буџетот на РСМ за 2023 година, со фокус на средствата одвоени за животна средина, укинување на Програмата за намалување на аерозагадувањето како стратешки приоритет на Владата, целосно маргинализирање на програмата за Зелен развој со која се планираше да се излезе во пресрет на климатските и еколошките предизвици.

Анализа на буџетот на Министерството за животна средина за 2023 година.

Компаративна анализа на буџетите на Министерството за животна средина за последните 10 години заклучно со планираниот за 2023 година, со цел да се видат трендови и за што најмногу, а за што најмалку се одвојуваат средства и стапката на нивна реализација.

Компаративна анализа на буџетите на град Скопје за заштита на животна средина за последните 10 години заклучно со планираниот за 2023 година, за да се види на што се трошеле средставата.

Континуирано актуелизирање на користење на собраните даноци за животната средина, кои достигаат над 200 милиони евра, за решавање на проблемите во животната средина.

Поднесени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2023 година до пратениците на зелената парламентарна група, министерот и заменик-министерот за финансии за решавање на конкретни проблеми во животната средина, како префрлање на болници од мазут на гас, нова фисибилити студија со проект за ремедијација на депонијата на хром на Југохром, акредитација на методите за одредување на загадувачките и опасни полициклични ароматични јаглеводороди (PAHs) во воздухот, акредитација на методите за одредување на токсичните и канцерогени тешки метали во воздухот на Централната лабораторија за животна средина на МЖСПП, за потребите на инспекторите и државата. Амандманите беа поднесени од пратениците на зелената парламентарна група.

- Континуирана кампања за намалување на аерозагадувањето и едукација на граѓаните

Анализа на надминати прагови за информирање и алармирање и повикување на надлежните за редовна објава и информирање на јавноста кога овие прагови се надминуваат со соодветните заштитни препораки и спроведување на мерките.
Постојан притисок да се обезбеди континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот на сите мерни станици.
Разбивање на митот за чистиот воздух во Берово со анализа на податоците за PM10 и PM2.5 од новата мерна станица во Берово.
Јавен притисок и поднесување на амандмани до пратениците за премин на болници од мазут на гас.
Водач на заедницата на skopje.pulse.eco, платформа на индикативни мерни инструменти за квалитет на воздухот и нивото на бучава.
Поднесени претставки до Инспекторат на град Скопје за работата на мазут на Топланата Скопје Север, дали се испочитувале одредбите од нивната Б-ИЕД за премин на работа на мазут и до Државен пазарен инспекторат за проверка на квалитетот на мазут. Двете институции излегоа на терен.
Укажување на новите построги гранични вредности на СЗО за загадувачките супстанци во воздухот од тие во нашето и европското законодавство.
Актуелизирање на хроничниот проблем со палење на диви депонии, кабли, гуми и негово решавање.
Средба со градоначалникот на Гази Баба и барање да се донесат преостанатите два ДУПа за бившата градска депонија Вардариште, кои се основа за понатамошни чекори на започнување на процесот на ремедијација.
Актуелизирање на палењето на депонијата Буково, во Охридскиот регион и барањето за нејзино затворање, согласно препораките на УНЕСКО.
Доставено барање до советниците и градоначалникот на општина Струмица за решавање на долгогодишниот проблем со незаконската „традиција“ на горење на гуми во Костурино за печење на вар. Токсичните канцерогени соединенија кои се ослободуваат при горење на гумите остануваат со децении, патуваат далеку и се таложат во организмите на луѓето и животните каде предизвикуваат серија на заболувања.
После долгогодишен притисок и барања за работа на инспекторите 24ч и за време на викенди, град Скопје во ноември 2022 воведе трисменско работење на инспекторите.

- Континуиран фокус на насилната урбанизација

Учество во јавна дебата во организација на ДКСК "Дискреционите овластувања при донесување на подзаконски акти како ризик од корупција во урбанистичкото планирање".

Учество во јавна дискусија во организазија на Министерството за транспорт и врски во однос на разработка на членот 117 од Правилникот за урбанистичко планирање, потреба произлезена од реакциите од јавноста и по јавната дебата организирана од страна на ДКСК на тема "Дискреционите овластувања при донесување на подзаконски акти како ризик од корупција во урбанистичкото планирање".

Анализи на издадени одобренија за градење, број на станови и м2 по општини во град Скопје.

Анализа на површина подложна на легализација на диво градби во национални паркови и други заштитени подрачја, поврзана со Законот за регулирање на статус на бесправно изградени објекти.

Поднесени претставки за градежни активности во близина на Аквадуктот, споменик прогласен за културно наследство од исклучително значење, до инспекторат на општина Карпош, град Скопје и Управа за културно наследство. Лобирање преку пратеничка на зелената парламентарна група за измена на ДУПот во општина Бутел со кој е предвидена голема урбанизација во делот на заштитната зона на Аквадуктот.

- Контаминирани подрачја / жешки точки

Доставено барање до министерот за животна средина да ги донесе потребните подзаконски акти за идентификација на контаминираните подрачја на територијата на РСМ и подготвување на План за нивно управување.

Доставен предлог-амандман на Буџетот за 2023 година за нова фисибилити студија со проект за ремедијација на историската индустриска депонија на хром на Југохром.

- Континуирани реакции за сеча на дрвја во урбани средини и шуми.

- Континуирана тесна соработка со медиумите, користење на нашата фејсбук страна како извор на информации за нив

- Континуирана соработка со и едукација на граѓаните кои ни се обраќаат, како да поднесат претставки, жалби, до кои надлежни институции, иницијативи до Уставен суд, барања до советниците во нивните општини…